*Број: 02 - 2838/2*
***24.03.2010 година***
***С к о п ј е***

*ЗАПИСНИК*
***од LXXI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 24.02.2010 година со почеток во 11.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Карanфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*

- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Љубица Димитровска, раководител на одделението за финансии (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Усвојување на Извештајот за финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување по завршната сметка за 2009 година;*
2. *Разно.*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова побара на оваа седница Управниот одбор да расправа и за следното:*

- *Предлог за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2010 година, и предлог за утврдување на формата и содржината на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со здравствената установа Македонска академија на науките и уметностите од Скопје заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
- *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година, и предлог за утврдување на формата и содржината на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со јавната здравствената установа Градска општа болница „8-ми Септември“ од Скопје заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
- *Состојбата со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“, односно висината на нејзиниот буџетски лимит и договорот што со неа го има склучено Фондот заради обезбедување на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата за осигурените лица.*

*Елена Трпковска предложи состојбата со болницата „Филип Втори“ да се разгледа во рамките на точката разно.*

*Управниот одбор ги прифати овие предлози, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Усвојување на Извештајот за финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување по завршната сметка за 2009 година;*
2. *Предлог за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2010 година, и предлог за утврдување на формата и содржината на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со здравствената установа Македонска академија на науките и уметностите од Скопје заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
3. *Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година, и предлог за утврдување на формата и содржината на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со јавната здравствената установа Градска општа болница „8-ми Септември“ од Скопје заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица;*
4. *Разно - Состојбата со Специјалната болница по кардиохирургија „Филип Втори“, висината на нејзиниот буџетски лимит и договорот што со неа го има склучено Фондот заради обезбедување на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата за осигурените лица.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1*** *- Усвојување на Извештајот за финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување по завршната сметка за 2009 година*

*Извештајот за финансиското работење на Фондот во 2009 година кој како работен материјал за седницата беше претходно доставен на Управниот одбор, го изложи Љубица Димитровска. Наведе дека средствата за работа на Фондот*

*согласно законот се обезбедуваат од придонесите од бруто платите и надоместоците на платите на вработените кај работодавачите, придонесите од пензиите и надоместоците од пензиското и инвалидското осигурување, придонесите од платите, односно од приходите на лицата кои самостојно вршат дејност и придонесите на другите обврзници на придонес и други приходи од здравственото осигурување.*

*Во финансирањето на здравствената заштита, болните учествуваат со лични средства во трошоците на здравствените услуги и лековите (партиципација).*

*Остварените средства во Фондот се користат за покривање на трошоците за здравствени услуги опфатени со основниот пакет на здравствени услуги што здравствените установи ги пружаат на осигурените лица, лекови, медицински материјали кои служат за примена на лековите и санитетски материјал потребен за лекување, протези, ортопедски и други помагала, парични надоместоци, вршење на функцијата на Фондот и за други потреби за спроведување на задолжителното здравствено осигурување.*

*Фондот, како носител на јавни функции има обврска најмалку еднаш годишно да доставува извештај за својата работа на Министерството за здравство, Владата и Собранието на Република Македонија.*

*Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите донесени од министерот за финансии. Согласно член 29 на овој закон, завршната сметка треба да се достави до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар и до Државниот завод за ревизија до крајот на месец февруари наредната година.*

*Управниот одбор на Фондот, согласно член 56 точка 6 од Законот за здравственото осигурување ја утврдува Завршната сметка за работењето на Фондот.*

*Информацијата за финансиската состојба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија по Завршната сметка за 2009 година е изготвена на основа податоците од сметководствената евиденција на Фондот. Во Информацијата се дадени податоци за приходите, расходите и финасискиот резултат по завршната сметка.*

*Во врска со приходите на Фондот, Љубица Димитровска наведе дека во Фондот се остварени вкупните приходи во 2009 година се остварени со 103 % во однос на планираните. Приходите на Фондот во 2009 година се остварени од придонеси од плати и надоместоци на плати, трансфери (од буџетите на фондовите, Буџетот на Републиката и пренесен вишок на приходи од претходната година), и други неданочни приходи.*

*Најголеми приходи во 2009 година се остварени од придонеси од плати и надоместоци на плати, каде има остварување од 98,41% во однос на планираното, потоа придонесите од корисниците на пензии и парични надоместоци според прописите на пензиското и инвалидското осигурување кај кои има остварување од 99 % во однос на планираните. Придонесот за здравствено осигурување за невработените лица до мај 2009 година го плаќаше Агенцијата за невработени лица, а од 1-ви јуни 2009 година согласно измените во Законот за социјални придонеси, Фондот за здравствено осигурување на Македонија е обврзник за плаќање на овој придонес. Другите неданочни приходи бележат зголемување од 14 % во однос на планираното, што е резултат на евидентирањето на придонесот за здравствено осигурување за исплатените надоместоци - боледувања кои Фондот ги плаќа на својата сметка.*

*Во структурата на приходите на Фондот, најголемо е учеството на придонесите од плати со 54,32 % од вкупните приходи на Фондот, потоа следуваат приходите од придонесите на корисниците на пензии и парични надоместоци според прописите на пензиското и инвалидското осигурување со 21,76 % .*

*Приходите на Фондот во 2009 година бележат намалување од 3,5 % во однос на 2008 година, од кои придонесите од бруто плати и надоместоци на платите бележат намалување од 1,5 %, придонесите на корисниците на пензии и парични надоместоци според прописите на пензиското и инвалидското осигурување се намалени за 1%.*

*Во однос на расходите наведе дека во 2009 година тие се остварени со 99,91 % од планираното. Карактеристично е што се драстично намалени трошоците за породилни боледувања а се намалени и рефундациите за лекови. Останатите рефундации се во рамките на претходните години. Вкупните обврски на Фондот во однос на претходната година се зголемени за 500 милиони денари. Расходите на Фондот се остварени во договорни услуги (здравствените услуги на осигурените лица), социјални бенефиции (надоместоци за боледување, патни трошоци и рефундации, породилно отсуство и други надоместоци во здравството), капитални расходи, и други расходи (плати и надоместоци на вработените во стручните служби на Фондот; патни и дневни расходи; комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; ситен инвентар, алат и други материјали за поправка; поправка и тековно одржување, оперативни расходи).*

*Најголем дел од расходите на Фондот за 2009 година претставуваат средствата кои се плаќаат на здравствените установи за покривање на трошоците за здравствена заштита на осигурените лица, потоа следуваат надоместоците од Фондот - паричните надоместоци на осигурениците (надоместок на плата за време на спреченост за работа, односно боледување и надоместок на патни*

*трошоци во врска со користење на здравствени услуги), кои бележат голем пораст во однос на минатата година односно се зголемени за 20%.*

*Најголемо учество во вкупните расходи на Фондот имаат расходите за здравствени услуги на осигурените лица со 88,39 %, потоа следуваат паричните надоместоци со 9,28 %, средствата за вршење на функцијата на Фондот со 2,16 % и средствата за капитални расходи со 0,17 %.*

*Од структурата на расходите за надоместоци за боледување може да се види дека најголемо учество има надоместокот за породилно отсуство кој има учество со 5 % од вкупните расходи на Фондот и надоместокот за боледување со учество од 4,2 % од вкупните расходи. Во споредба со 2008 година исплатениот надоместок за породилно отсуство бележи пораст за 27,22 %, а надоместокот за боледување зголемување од 12,85 %. Ова зголемување е резултат на законските измени со кои боледувањата после дваесет и првиот ден се на товар на Фондот (старото решение беше после шеесетиот ден), и делумно е зголемено заради зголемена ажурност во исплатата на боледувањата.*

*Во структурата на расходите за функција на Фондот најголемо учество имаат расходите за нето основни плати и надоместоци на вработените во стручните служби, потоа следуваат придонесите од плати и персонален данок, договорни услуги, комуналните услуги, греење, комуникација и транспорт, оперативните расходи и тековното одржување.*

*Фондот за здравствено осигурување на Македонија во 2009 година оствари позитивна разлика во износ од 554.285.753 денари. Позитивната разлика произлегува од состојбата на жиро сметката и благајната на Фондот за здравствено осигурување на 31.12.2009 година.*

*По излагањето на Љубица Димитровска, Управниот одбор го усвои Извештајот за финансиското работење на Фондот за здравствено осигурување по завршната сметка за 2009 година, и едногласно донесе*

***Одлука***

***за утврдување на Завршната сметка на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2009 година***

*ТОЧКА 2 - Предлог за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2010 година, и предлог за утврдување на формата и содржината на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со*

*здравствената установа Македонска академија на науките и уметностите од Скопје заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова потсети дека секоја година МАНУ има проблем со добивање на решение за вршење на дејноста од страна на Министерството за здравство.*

*Лазар Трајчев од своја страна потсети дека порано Фондот имал склучено договор со МАНУ иако немале решение. Подоцна го раскина договрото а истите услуги осигурените лица ги добиваа во Медицинскиот факултет - Институти. Подоцна МАНУ доби решение од Министерството за здравство и Фондот склучи договор со нив, но важењето на решението престанува со истекот на 2009 година. Новото решение што го добија е со важност од 3 февруари 2010 година.*

*На прашањето на Елена Трпковска, дали во периодот од истекот на 2009 година до добивањето на новото решение, МАНУ давала услуги на осигурените лица на Фондот, Лазар Трајчев одговори дека давала.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова наведе дека уште во ноември претставници на Фондот биле во посета на МАНУ, кога и ги потсетиле дека со истекот на годината престанува важењето на решението и договорот со Фондот, а од таму биле известени дека веднаш ќе поведат постапка за нивно обновување. Меѓутоа, решението на Мининстерството е издадено со важење од 3 февруари 2010 година.*

*Елена Трпковска укажа дека проблемот повторно ќе се актуелизира кога МАНУ ќе ги достави фактурите за услугите дадени во периодот од почетокот на годината до 3 февруари. Исто така наведе дека не смее да се дозволи некој да трпи штета поради неусогласеност на органите на државата.*

*Лазар Трајчев пак укажа дека не се работи за неусогласеност и дека надлежните органи постапувале во законските рокови.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во првиот квартал на 2010 година***

*што се однесува на периодот од 03.02.2010 до 31.03.2010 година, и*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во специјалистичко - консултативната здравствена заштита што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со Македонската академија на науките и уметностите од Скопје***

*со која ја утврди формата и содржина на договорот што Фондот ќе го склучи со Македонската академија на науките и уметностите.*

*ТОЧКА 3 - Предлог за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година, и предлог за утврдување на формата и содржината на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со јавната здравствената установа Градска општа болница „8-ми Септември“ од Скопје заради купување на здравствени услуги во интерес на осигурените лица*

*Татјана Лукановска објасни дека предлогот се однесува на зголемување на буџетскиот плафон  на Градската општа болница „8-ми Септември“ за првиот квартал на годината. Со зголемување на средствата во првиот квартал на болницата ќе и се овозможи функционирање, а висината на вкупниот годишен буџетски плафон ќе остане неизменета. Истовремено треба да се утврди и формата и содржината на договорот што Фондот ќе го склучи со оваа болница заради обезбедување на здравствени услуги за осигурените лица.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за првиот квартал на 2010 година**

*со која се изврши предложеното зголемување на буџетскиот плафон на Градската општа болница „8-ми Септември“за првиот квартал на 2010 година, и*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на договорот за пружање и плаќање здравствени услуги во болничката здравствена заштита што Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе го склучи со Градската општа болница „8-ми Септември“***

*со која ја утврди формата и содржина на договорот што Фондот ќе го склучи со Градската општа болница „8-ми Септември“ заради обезбедување на здравствени услуги за осигурените лица на Фондот.*

*ТОЧКА 4 - Разно*

*Под точката разно се разгледа состојбата со Специјалната болница по кардиохиururгија „Филип Втори“, висината на нејзиниот буџетски лимит и договорот што со неа го има склучено Фондот заради обезбедување на здравствени услуги од областа на кардиохирургијата за осигурените лица.*

*Потоа, во 12.45 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXI -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***